ЛИК РАЗГОВОР

# Грижа за дворчето

*Софија ЃУРОВСКА*

**Пред да дојдете на раководното место во Уметничката галерија „Скопје“, бевте кустос во Музејот на современата уметност повеќе од две децении, што значи дека имате доволно искуство во галериската работа. Веднаш најавивте дека планирате создавање Национална галерија од Уметничката галерија. Каде се наоѓате во моментот со остварувањето на Вашата цел?**

Она што го работев досега и што ќе го работам во иднина, не чувствувам дека се во колизија. Новоста е всушност во менаџерскиот начин на работа, што и не е толку далеку од нашата струка. Ако сакате да направите нешто повеќе и подобро од една институција, тоа подразбира стручна и професионална работа, подигање на нивото на организациското делување, а сето тоа е во рамките на мојата определба. Не би сакала да го критикувам она што досега било овде, но дојдов да направам нешто за што мислам дека оваа Галерија треба да биде, и што му фали не само на Скопје, туку и на Македонија – една национална поставка и институција од таков карактер. Ако ме прашате што ќе се случи ако Министерството не одобри да бидеме Национална галерија, мојот одговор е: ние ќе направиме национална поставка, а виза за тоа ќе ни даде публиката, не само она што поминува на изложбите, туку и амбасадите, министерствата, официјалните делегации и слично. На сите нам, кога имаме гостин, ни недостасува да покажеме национална поставка. На Музејот на Македонија му недостига крајот, вториот дел – ако имаат археолошки, етнолошки и историски, ние треба да го продолжиме современиот дел, континуитетот по иконите, преку зографите, основоположниците, до денес. И мислам дека тоа, особено што сме на два чекора од Музејот, е прилика да се види богатството практично на едно место, во два дела. Тоа е причината што се нафатив да дојдам на ова место, што не значи дека е дефинитивно. Претстои определување на национална програма, распишување конкурс за директорско место и слично, но мене ми е битно и најмногу ме радува тоа што колегите од целиот тим во Галеријата се расположени за работа, имаат голем ентузијазам и, можеби, и ним им недостасува национална поставка, па сакаат заеднички да ја направиме. И мислам дека е добро во овој период сите да се претвориме во менаџери, во смисла да пронаоѓаме други начини за добивање средства – не само преку префрлување на сметка, туку, на пример помош во компјутери коишто Галеријата ги нема, алармни уреди и друго. Целта ни е сега да го обезбедиме она што значи обвивка, пакување на идната национална поставка.

**Кои се првите чекори кон националната поставка?**

Одиме прво на темелна санација на објектот. За понатамошната визија имаме повеќе планови. Целиот простор ќе го наполниме со дела од фондовите на Галеријата, ќе ослободиме и неколку помали простории кои тука популарно ги нарекуваме џебови, а што се користени досега како депои и во нив ќе ставиме цртеж или графика. За нашиве планови досега е покажано разбирање и

● Ривалството е добро кога е поттик да бидеш подобар од другиот, но има начин како. Ние во Галеријата ќе работиме најдобро, ќе гледаме сите да ни помогнат, како што утре ние ќе им помогнеме во тоа што ќе побараат. Нема да отвораме фронт со негативна енергија - она што нам ни недостига е позитивната енергија-вели Викторија Васева Димеска, в.д. директор на Уметничката галерија „Скопје“

во Министерството и во градот, многу значајни фирми и институции се приклучија и сакаат да помогнат. Но, резултатот ќе треба да го видиме, едно е да сакаат да помогнат, а друго дали навистина ќе помогнат. Сите понуди се со делумно спонзорство – за осветлувањето, мермерот, бакарниот лим од покривот, но она што не е дел на основната сума, треба да се обезбеди преку Министерството и, најверојатно, сукцесивно. Тоа се приоритетите и иако се од техничка природа, мора да ме интересираат. Делата што ќе бидат изложени, треба да бидат реставрирани, треба да им се санираат или заменат рамките и сето тоа се од најкрупните до најситните проблеми на кои се работи паралелно, одеднаш. Така е тоа – изолацијата од влага се решава паралелно со санацијата на покривот и.т.н., а сето тоа под контрола на Заводот за заштита на спомениците на културата на градот, под кој се наоѓа овој објект од исламската архитектура од 15 век. Имаме исклучително разбирање кај в.д. директорката Лидија Постолска, која веднаш реагираше на нашата покана. Според мене, тоа е вистинскиот начин на соработка: ефикасно, брзо и со разбирање.

**Во јавноста владее мислење дека МСУ и Галеријата се конкуренти, но во лошата смисла на зборот - институции што си подметнуваат. Како ќе ја развивате Вие таа соработка?**

Националната поставка има приоритет и ние поради неа ќе соработуваме професионално со сите: и со МСУ, и со Музејот на град Скопје и со Музејот на Македонија и со двата Завода. Тоа го воспоставив и мислам дека е единствениот начин за успех – ако јас денес очекувам помош од нив, тие утре ќе очекуваат од оваа Галерија. Второ, ниедна галерија или музеј не е приватна институција, нивните фондови се државно богатство и во таа смисла треба да видиме како ќе биде најдобро да функционираме.

**Дали не постои опасност од дуплирање во дел од поставките на Галеријата, на МГС и на Музејот на Македонија, кои исто така најавуваат национален карактер и континуирано прикажување на своите фондови?**

Не. Јас ова можам да го кажам: во Музејот на Македонија имаат многу мала збирка на дела од современата уметност, а пак за нивните потреби Галеријата нема што да отстапи – ние немаме ни археолошка, ни етнолошка ниту историска збирка. Ние можеме од нив да позајмиме доколку ни треба иницијација од иконите и за тоа никој не треба да стравува дека ќе станеме музеј на икони. Во нашата национална поставка иконите ќе бидат показател како се развивала современата слика, а музејот на иконите си постои во Охрид. МСУ има сосема друг концепт – фондот им е меѓународен, Музејот е основан по земјотресот како музеј на солидарноста, и тие во рамките на својата збирка веројатно ќе ја поместат македонската уметност за да се види нејзиниот развој во контекст на светската. Музејот на град Скопје има мала, но вредна збирка современи автори, но ним никогаш не им било примарна дејност да изложуваат современа ликовна уметност. Секаде во светот постојат музеи на градот и тие покриваат нешто сосема друго и се профилирани како специфични институции. Значи, недоразбирања не може да има, туку само соработка и меѓусебно позајмување по потреба. Да се вратиме на терминот ривалство. Убаво е кога е тоа поттик да бидеш подобар од другиот, но има начин како. Ние нашиот концепт во Галеријата ќе си го гледаме како наше дворче, на тоа ќе работиме најдобро и ќе гледаме сите други да ни помогнат. Како што утре ќе им помогнеме на другите во тоа што ќе побараат. Во ривалството ќе одиме на подобро од другиот, но не да го минираме и да отвораме фронт со негативна енергија. Она што ни недостига е позитивната енергија – е, со неа јас се отворам кон другите, подавам рака, па ќе видиме што ќе постигнам.



Викторија Васева Димеска